З А П И С Н И К
од Сто и четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 23 септември 2025 година

Скопје, септември 2025 година

З А П И С Н И К
од Сто и четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 23 септември 2025 година

Седницата започна во 13:30 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација и м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваше и м-р Марија Митева, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Горан Минчев, министер за јавна администрација,.

*

*　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од Сто и единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 септември 2025 година

1. Предлог-уредба за престанување на важењето на Уредбата за посебните услови, начин и постапка на утврдување на здравствената способност на персоналот во воздухопловството, роковите на важење на лекарските уверенија и посебните услови што треба да ги исполнуваат здравствените установи, овластен лекар-поединец, лекар специјалист по општа медицина или лекар специјалист по медицина на трудот, за вршење на здравствени прегледи на персоналот во воздухопловството

2. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија

3. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ турс ДООЕЛ-Скопје

4. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Државен инспекторат за техничка инспекција, сметка на основен буџет (637)

5. Конечен извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Основен буџет на Република Северна Македонија за 2024 година“

6. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефекти од јавни инвестиции во рамномерен регионален развој“

7. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ-Скопје

8. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Зелена транзиција преку промовирање на обновливи извори на енергија“

9. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Подготвеноста на Република Северна Македонија за справување со климатските промени“

10. Информација за назначување на овластен претставник во Комитетот за распределба на финансиска актива и пасива на поранешна СФРЈ од Анекс В од Спогодбата за прашањата за сукцесија, со Предлог-решение

11. Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 30.6.2025 година

12. Информација за статус на спроведување на постапката за исплатата на финансиска поддршка кон деловните субјекти во 2025 година, согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите

13. Информација за начинот на исплата на субвенции од мерката „Обука и вработување на лица за обезбедување услуги за нега во домот и заедницата“ од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2024 година

14. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Лирак, Тетово, со Предлог-решение

15. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Холидеј ин, Скопје, со Предлог-решение

16. Информација за националната кампања „Македонско најдобро“, со цел промоција и поттикнување на потрошувачката на земјоделско-прехранбените производи од домашно потекло

17. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за планирање на просторот во 2024 година, со дополнување

18. Извештај во врска со евалуацијата по Јавниот повик за изразување интерес за запишување во Листата на економски оператори, заради реализација на вредносни ваучери за студенти, за набавка на електронски уреди

19. Предлог-одлука за формирање на Комитет за јавни инвестиции

20. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – јаглен на локалитетот „Осломеј-Запад“, Општина Кичево

21. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Илиев против Република Северна Македонија, А.бр.36967/22

22. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Спасовски против Република Северна Македонија, А. бр.25377/19

23. Информација за потребата од исплата на камата на средства досудени од страна на Европскиот суд за човекови права со пресуда бр. 6035/17 од 26 ноември 2024 година во случајот НДИ СОПОТ против Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

24. Годишна програма за изменување и дополнување на Годишната програма за работата на Државниот завод за ревизија за 2025 година

25. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под УЗ.бр.36/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на Одлуката за давање согласност на тарифникот за надоместоци за извршени услуги на корисник на технолошка индустриска развојна зона („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/25)

26. Иницијатива од Димче Мајковски од Охрид, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.69/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 40 ставови 4 и 5 и член 78 ставови 1, 2 и 3 од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24)

27. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.7974, за КО Охрид 3, на КП бр.16703, викано место/улица „Град“

28. Понуда од нотар Горан Каранфиловски од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.91699 за КО Штип 1, на КП бр.1280, викано место/улица „Каленица“ и Имотен лист бр.91311 за КО Штип 1, на КП бр.1296/2, КП бр.897/3 и КП бр.898, викано место/улица „Каленица“

29. Понуда од нотар Ељхам Бислими од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.6165, за КО Драчево 2, на КП бр.216, викано место/улица „Чинор“ и Имотен лист бр.6176, за КО Драчево 2, на КП бр.215, викано место/улица „Чинор“

30. Понуда од нотар Марија Атанасова од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.530, за КО Гевгелија, на КП бр.5216, викано место/улица „Караорман“

31. Понуда од нотар Елвин Зиба од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.100575, за КО Охрид 4, на КП бр.4111/1 и КП бр.4112/1, викано место/улица „Патерица“

32. Понуда од нотар Анита Адамчевска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.960796, за КО Чаир, на КП бр.1568/82 и КП бр.1568/83, викано место/улица „Стари Водовод“ и Имотен лист бр.92982, за КО Чаир, на КП бр.1568/80 и КП бр.1568/81, викано место/улица „Стари Водовод“

33. Понуда од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4377, за КО Драчево 2, на КП бр.9766, викано место/улица „Шејтаница“

34. Понуда од нотар Башким Амети од Скопје, за размена на недвижен имот со Имотен лист бр.6455 за КО Ѓорче Петров 5-Лепенец, на КП бр.2698/1, викано место/улица „Шарпланинска“, Имотен лист бр.6456 за КО Ѓорче Петров 5-Лепенец, на КП бр.2697/1 и КП бр.2697/2, викано место/улица „Шарпланинска“ и Имотен лист бр.85620 за КО Ѓорче Петров 5-Лепенец, на КП бр.2698/2, викано место/улица „Шарпланинска“

35. Понуда од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш, за размена и продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.84167, за КО Радовиш, на КП бр.2285, викано место/улица „15 Корпус“ и Имотен лист бр.82491, за КО Радовиш, на КП бр.1762, КП бр.1763 и КП бр.2287, викано место/улица „15 Корпус“

36. Понуда од нотар Анета Петровска Алексова од Скопје, за продажба на недвижен имот – земјиште евидентирано во Имотен лист бр.1862, за КО Јурумлери, на КП бр.677/4, викано место/улица „Село“, како и недвижен имот – објект евидентиран во Имотен лист бр.2919 на КП бр.677/4, КО Јурумлери

37. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.112222, за КО Кисела Вода 2, на КП бр.733/27, викано место/улица „Фрањо Клуз бр.16 Скопје“

38. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.112222, за КО Кисела Вода 2, на КП бр.733/27, викано место/улица „Фрањо Клуз бр.16 Скопје“

39. Понуда од нотар Ирфан Тахири од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.53625, за КО Визбегово, на КП бр.973, викано место/улица „Гериз“

40. Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје, за размена на недвижен имот со Имотен лист бр.3503 за КО Сопиште, на КП бр.1237/3, викано место/улица „Селиште“

41. Понуда од нотар Армир Садики од Тетово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1255, за КО Сараќино, на КП бр.326, викано место/улица „Рупа“

42. Понуда од извршител Гордана Џутеска од Охрид, И бр.216/2017, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.371, за КО Поешево, на КП бр.242/3, викано место/улица „Бачилишта“

43. Кадровски прашања

44. Прашања и предлози

45. Информација за потребата од примена на посебни правила за јавни набавки при проекти финансирани од Светска банка

46. Извештај за работата на Информативното тело, формирано согласно Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Информативно тело за олеснување на трговијата на Владата на Република Северна Македонија за Светската трговска организација

47. Информација за напредокот во реализацијата на активностите од Акцискиот план за воспоставување и развивање на мрежа за Интегрирана заштита на растенијата, со Акциски план

48. Тримесечен извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – берза, Скопје, за периодот април 2025 година – јуни 2025 година

49. Извештај за финансиско работење на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост, за периодот 1 јануари - 31 март 2025 година

50. Информација за склучување на договор за соработка помеѓу Македонски железници Инфраструктура и Кросраил Интернешнал Лимитес ( Crossrail International Limited) во врска со соработка во секторот на железничката инфраструктура на Северна Македонија, со усогласен текст на Договор

51. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон

52. Информација за потребата од склучување на Амандман број пет на Договорот за грант за развојна цел меѓу Соединетите Американски Држави и Република Северна Македонија за развојната цел: Република Северна Македонија е просперитетно, самоодржливо и инклузивно демократско општество, со усогласен текст на Амандман

53. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност

54. Информација за проблемите околу услугите за перење, сушење и пеглање на операциски, болнички и персонален веш и дистрибуција на истиот, помеѓу Друштвото за услуги Скопстер ДОО Скопје и Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје

55. Информација за статус на објект за проектот - Изведба на Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо“ - Охрид

56. Информација за состојбата и финансиските аспекти поврзани со проектот за јавно-приватно партнерство (ЈПП) за интегрирано менаџирање со стерилизација и хируршки услуги во здравствени установи, со фокус на УК „Мајчин дом“

57. Информација за започнување на проект за изградба на нов објект Поликлиника Бутел при ЈЗУ Здравствен дом - Скопје

58. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност за именување почесен конзул на Украина во Република Северна Македонија, со седиште во Прилеп

59. Предлог-одлука за затворање на Почесниот конзулат на Украина во Република Северна Македонија, со седиште во Прилеп

60. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „JUNCTION CITY 25“, со Предлог-одлука

61. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на Здружена тактичка вежба со командирски гаѓања, со Предлог-одлука

62. Информација за подготовка на Дваесет и вториот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 7 октомври 2025 година, со прилози

63. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДООЕЛ Скопје во деловната просторија во Подружница Ле гранд казино Скопје на ул.„Филип Втори Македонски” бр.5 - хотел/Холидеј ин - Скопје, Центар

*
*        *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто и единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 септември 2025 година.

*
*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

Точка 1

Владата ја донесе Уредбата за престанување на важењето на Уредбата за посебните услови, начин и постапка на утврдување на здравствената способност на персоналот во воздухопловството, роковите на важење на лекарските уверенија и посебните услови што треба да ги исполнуваат здравствените установи, овластен лекар-поединец, лекар специјалист по општа медицина или лекар специјалист по медицина на трудот, за вршење на здравствени прегледи на персоналот во воздухопловството.

Точка 2

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Точка 3

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ турс ДООЕЛ-Скопје, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Точка 4

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Државен инспекторат за техничка инспекција, сметка на основен буџет (637), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Точка 5

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Основен буџет на Република Северна Македонија за 2024 година“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за финансии и Министерството за спорт да подготват акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Точка 6

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефекти од јавни инвестиции во рамномерен регионален развој“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за локална самоуправа, Министерството за животна средина и просторна планирање, Министерството за транспорт, Министерството за финансии и Бирото за регионален развој, да подготват акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Точка 7

Владата го одложи разгледувањето на Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ-Скопје, за некоја од наредните седници на Владата, по добивање на мислење од Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

Точка 8

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Зелена транзиција преку промовирање на обновливи извори на енергија“, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, а се укажува на Операторот на електропреносниот систем на Северна Македонија, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (МЕПСО) и Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, да подготват акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај и во рок од 30 дена да го доставаt до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Точка 9

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Подготвеноста на Република Северна Македонија за справување со климатските промени“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да подготват акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај и во рок од 30 дена да го достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за назначување на овластен претставник во Комитетот за распределба на финансиска актива и пасива на поранешна СФРЈ од Анекс В од Спогодбата за прашањата за сукцесија, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за назначување на овластен претставник на Република Северна Македонија во Комитетот за распределба на финансиска актива и пасива на поранешна СФРЈ од Анекс В од Спогодбата за прашањата за сукцесија.

Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 30.6.2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за правда - Управа за извршување на санкции, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, а се укажува на Град Скопје, Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие Водовод и канализација - Скопје, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост - Скопје, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост и Акционерско друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, да подготват Акциски план по дадениот Образец со статус заклучно со 30.9.2025 година, за секој проект кој го подготвуваат и/или имплементираат и истиот се финансира со заеми и/или инвестициски грантови од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори и истиот да биде доставен до Министерството за финансии најдоцна до 10.10.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии врз основа на добиените акциски планови од институциите наведени во заклучокот бр.1 да подготви и до 24.10.2025 година до Владата да достави информација.

Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за статус на спроведување на постапката за исплатата на финансиска поддршка кон деловните субјекти во 2025 година, согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена, да изврши проверка и контрола на пристигнатите извештаи за исплата на финансиска поддршка на корисниците на финансиска поддршка чии договори за финансиска поддршка на инвестиции беа склучени во 2024 година, од страна на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 60 дена да изврши исплатата на финансиска поддршка на деловните субјекти чии договори за финансиска поддршка на инвестиции беа склучени во 2024 година, од страна на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, со оглед дека Буџетските средства се предвидени во раздел 04001 – Влада на Република Северна Македонија, програма Д – Економски развој, потпрограма Д9 – Финансиска поддршка на инвестициите.

Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата за начинот на исплата на субвенции од мерката „Обука и вработување на лица за обезбедување услуги за нега во домот и заедницата“ од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2024 година, ја усвои и укажа на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во рок од седум работни дена да склучи анекс на четирипартитниот „Договор за обука и вработување на лица за обезбедување на услуги за грижа во заедницата (мерка 7.2.)“.

Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Лирак, Тетово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителските објекти (хотел Лирак со седиште на ул. „Маршал Тито“ бр.10 Тетово, ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор).

<u>Точка 15</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Холидеј ин, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди).

<u>Точка 16</u>

Владата ја разгледа Информацијата за националната кампања „Македонско најдобро“, со цел промоција и поттикнување на потрошувачката на земјоделско-прехранбените производи од домашно потекло и согласно усно изнесеното позитивно мислење на министерот за економија и труд ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за економија и труд - Државен пазарен инспекторат, Агенцијата за храна и ветеринарство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државен инспекторат за земјоделство, тековно да ја вршат контролата над употребата на логото „Македонско најдобро“, согласно одредбите од позитивните законски прописи кои се однесуваат на индикација на потеклото на производите.

2. Се укажува на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, преку нејзините подрачни единици, активно да се вклучи во едукација на земјоделците во однос на регистрацијата и користењето на веб платформата „Македонско најдобро“.

3. Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија и труд, до крајот на месец септември 2025 година, да обезбедат активно вклучување на ланците маркети, односно нивно учество во печатењето и дистрибуцијата на промотивните материјали на кампањата, со цел да се обезбеди постојана препознатливост и видливост на истата.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за следната фискална година да обезбеди средства во рамките на својот буџет за финансирање на кампањата во делот на медиумска покриеност на истата.

<u>Точка 17</u>

Владата го разгледа и усвои Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за планирање на просторот во 2024 година, со дополнување.

<u>Точка 18</u>

Владата го разгледа и усвои Извештајот во врска со евалуацијата по Јавниот повик за изразување интерес за запишување во Листата на економски оператори, заради реализација на вредносни ваучери за студенти, за набавка на електронски уреди.

<u>Точка 19</u>

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Комитет за јавни инвестиции.

Точка 20

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – јаглен на локалитетот „Осломеј-Запад“, Општина Кичево.

Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Илиев против Република Северна Македонија, А.бр.36967/22 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот Илиев, А.бр.36967/22.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на апликантот во предметот Илиев против Република Северна Македонија, А.бр.36967/22 ќе му исплати вкупна сума од 3.000 евра, за обесштетување на нематеријалната штета и надомест на трошоците, износ кој државата би се обврзала да му го исплати на апликантот за целите на евентуално спогодбено решавање на предметот.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантот во предметот Илиев против Република Северна Македонија, А.бр.36967/22, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права, со која ќе ја признае повредата на Конвенцијата и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантот да му понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Спасовски против Република Северна Македонија, А. бр.25377/19 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот Спасовски, А. бр.25377/19.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на апликантот во предметот Спасовски против Република Северна Македонија, А. бр.25377/19, ќе му исплати вкупна сума од 3.600 евра, за обесштетување на нематеријалната штета и надомест на трошоците износ кој државата би се обврзала да му го исплати на апликантот за целите на евентуално спогодбено решавање на предметот.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантот во предметот Спасовски против Република Северна Македонија, А. бр.25377/19, да не ја прифати

понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права со која ќе ја признае повредата на Конвенцијата и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантот да му понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од исплата на камата на средства досудени од страна на Европскиот суд за човекови права со пресуда бр. 6035/17 од 26 ноември 2024 година во случајот НДИ СОПОТ против Република Северна Македонија, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во нето-износ од 106,61 евра на име камата на досудени средства, кои треба да бидат исплатени на компанијата апликант не сметајќи ги дополнителните трошоци за меѓународни плаќања со оглед на фактот дека станува збор за странска фирма апликант, а кои треба да паднат на товар на Буџетот на Република Северна Македонија.

Точка 24

Владата ја разгледа Годишната програма за изменување и дополнување на Годишната програма за работата на Државниот завод за ревизија за 2025 година и нема забелешки по истата.

Точка 25

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под УЗ.бр.36/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на Одлуката за давање согласност на тарифникот за надоместоци за извршени услуги на корисник на технолошка индустриска развојна зона („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/25) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата се повикува на член 12 став (4) алинеа 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/23 и 59/25), согласно што е донесена погоре спомenатата Одлука.

Понатаму, подносителот на Иницијативата го цитира член 12 ставот (4) при што укажува дека овој став (4) од членот 12 од законот содржи вкупно 6 (шест) алинеи, а не 8 (осум) алинеи како што се тврди во Одлуката за давање на согласност на тарифникот за надоместоци за извршени услуги на корисник на технолошко-индустриска развојна зона.

Понатаму, подносителот на Иницијативата го цитира член 12 ставот (4) со вкупно 6 (шест) алинеи, како што следи:
„Во случај кога Владата на Република Македонија е основач на зона, Дирекцијата ги врши работите од надлежност на основачот на зоната во име на основачот како и:
- склучува договори за закуп на земјиштето и објектите во зоната со корисниците за кои Владата на Република Македонија дава претходна согласност;
- склучува договори за вршење на дејност со корисниците на зоната;
- обезбедува потребна документација за градење на инфраструктурни и други објекти неопходни за функционирање на зоната, согласно со закон;

- го уредува градежното земјиште и гради инфраструктурни и други објекти до и во зоната, согласно со одредбите од одобрената планска документација, проектот за инфраструктура и другата соодветна техничка документација;
- управува со земјиштето и објектите до и во зоната кои се сопственост на Република Македонија, согласно со овој закон и
- донесува правила на основачот и тарифник на основачот за извршени услуги на корисници во зона согласно со членот 34 став (1) од овој закон, за кои Владата на Република Македонија дава согласност“.

Се укажува дека во редакциски пречистениот текст на Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/23 и 59/25), членот 12 став (4) има вкупно 8 (осум) алинеи и гласи:

„(4) Во случај кога Владата на Република Македонија е основач на зона, Дирекцијата ги врши работите од надлежност на основачот на зоната во име на основачот, како и:

- склучува договори за закуп за земјиштето и објектите во зоната со закупци на земјиштето и закупците на објектите и раскинува договори за закуп за земјиштето и објектите во зоната со закупци на земјиштето и закупци на објектите, за кои Владата на Република Македонија дава претходна согласност;
- склучува и раскинува договори за вршење на дејност со корисниците на зоната;
- склучува и раскинува непосредни спогодби за продажба и/или дава под закуп објекти во опфатот на зоните кои се сопственост на Република Македонија, за кои Владата на Република Македонија дава претходна согласност.
- склучува и раскинува договори за јавно приватно партнерство за кои Владата на Република Македонија дава претходна согласност;
- обезбедува потребна документација за градење на инфраструктурни и други објекти неопходни за функционирање на зоната, согласно со закон;
- го уредува градежното земјиште и гради инфраструктурни и други објекти до и во зоната, согласно со одредбите од одобрената планска документација, проектот за инфраструктура и другата соодветна техничка документација;
- управува со земјиштето и објектите до и во зоната кои се сопственост на Република Македонија, согласно со овој закон и
- донесува правила на основачот и тарифник на основачот за извршени услуги на корисници во зона согласно со членот 34 став (1) од овој закон, за кои Владата на Република Македонија дава согласност“.

Ставот 4 од член 12 содржи 8 (осум) алинеи, а не 6 (шест) како што се тврди во Образложението на Иницијативата.

Врз основа на напред наведеното, како и отсуството на нехармонизираност со член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе иницијатива за оценка на уставноста на Одлуката за давање на согласност на тарифникот за надоместоци за извршени услуги на корисник на технолошко-индустриска развојна зона „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/25), односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на предметната одлука.

<u>Точка 26</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од Димче Мајковски од Охрид, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.69/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 40 ставови 4 и 5 и член 78 ставови 1, 2 и 3 од Законот за рибарство и

аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24) и притоа го утврди следното мислење:

Во врска со горенаведената Иницијатива, барателот се упатува на одредбите од член 40 став (4) и став (5) и член 78 ставовите (1), (2) и (3) од Законот за рибарство и аквакултура кои гласат:
Член 40 став „(4) Остварениот приход на годишно ниво од издавањето или продолжувањето на легитимациите од ставот (1) на овој член е наменет за:
1. Корисниците, во висина од 40 % наменети за порибување;
2. Федерацијата во висина од 40%, наменети за контрола на риболовните води и
3. Федерацијата во висина од 20% наменети за надомест на трошоци за издавање и продолжување на легитимацијата.

(5) Формата и содржината на образецот на легитимацијата за рекреативен риболов, како и начинот на нејзиното издавање и продолжување, ги пропишува министерот, како и од член 78 став :
(1) Поддршка во организирање на рекреативниот и спортскиот риболов врши Федерацијата, преку следниве активности:
1. организира натпревари во спортски риболов;
2. изработува календар на спортски натпревари, манифестации и сл.;
3. одобрува натпревари во спортски риболов;
4. издава спортска легитимација;
5. издава легитимација за рекреативен риболов;
6. задолжува, распределува и раздолжува дозволи за рекреативен риболов;
7. врши контрола и заштита на риболовните подрачја кои не се доделени на користење
8. спроведува семинари, курсеви, обуки.
(2) Членови на Федерацијата можат да бидат: спортски и/или рекреативни друштва и клубови како и други правни лица корисници на рибите и другите водни организми.
(3) Федерацијата доставува извештај за реализација на активностите од ставот (1) на овој член со листа на распределба на финансиските средства од членот 40 став (4) од овој закон, најдоцна до 31 јануари во тековната за претходната година до Државниот инспекторат за земјоделство.

По однос на оспорените одредби, во член 40 став (1) е уредено дека рекреативниот риболовец мора да поседува легитимација за рекреативен риболов, а во ставовите (2) и (3) и е дадено правото на Федерацијата да ги издава легитимациите и да го одредува надоместокот за нивното издавање, а со тоа да остварува приход, целта на став (4) од овој член е средствата остварени како приход од издавањето и продолжувањето на легитимациите да бидат наменети за порибување на риболовните води, за контрола и заштита на рибите во риболовните води, а дел за тековна работа на Федерацијата, како надомест за трошоци при изработка и продолжување на легитимацијата.

Со ваквиот начин на користење на финансиските средства обезбедени од издавањето и продолжувањето на легитимациите, односно нивната намена за порибување и заштита на риболовните води, се цени дека Федерацијата ќе учествува во остварување на една од целите на законот, а тоа е одржливо користење на рибите и другите водни организми од риболовните води.

Наводот дека средствата од легитимациите се приход на Федерацијата, кој секој рекреативен риболовец го плаќа како членарина за да може Федерацијата да работи не е точен. Средствата за издавање на легитимацијата не се членарина која ја плаќа рекреативниот риболовец за редовна работа на Федерацијата, туку се надомест за издавање на легитимација со која рекреативниот риболовец се стекнува со право за вршење рекреативен риболов. (член 40 став (1)).

Воедно, се укажува дека основните работи на Федерацијата се нејзино функционирање и активности во развој на спортскиот риболов и организирање на спортски натпревари за кој постојат финансиски средства обезбедени во програмите на Министерството за спорт.

Вршењето на заштитата на рибите од риболовните подрачја кои не се доделени на користење кое покрај Државниот инспекторат за земјоделство го врши и Федерацијата со вработени рибочувари не е врзано со користењето на рибите.

По однос на член 78 став, ставот (1) ги уредува активностите на Федерацијата кои како поддршка се во функција на организирање на рекреативниот и спортскиот риболов. Со оглед дека дел од активностите кои се предвидени како поддршка во рекреативниот риболов се поврзани со финансиски приходи и нивна намена, се наметнува потреба за истите да се достави извештај за реализација во предвиден рок. Казнената одредба се однесува на почитување на рокот за доставување на извештајот поврзани со финансиски приходи.

Алинејата 6 од став (1) се однесува на задолжување, распределување и раздолжување на дозволи и не е поврзана со трезорска сметка и уплата на пари, банкарски провизии, плата за вработеност итн. Од наведените законските одредби во иницијативата не можат да се утврдат наводи од кои може да се утврди повреда на уставноста.

Во поглед на наведените работи кои се уредуваат со Статутот на Федерацијата, се укажува дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство нема надлежност во неговото носење и истиот претставува акт кој се носи врз основа на закон и треба да биде во согласност со истиот, а не обратно.

Имајќи го предвид горе наведеното, а со оглед на тоа дека Иницијативата на подносителот е беспредметна, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по истата, а истовремено смета дека Уставниот суд на Република Северна Македонија не треба да поведе постапка за оценување на уставноста на наведените одредби од Законот за рибарство и аквакултура, од причина што во конкретниот случај нема, не е предизвикана правна несигурност и нема повреда на принципот на еднаквост и со самото тоа не постои спротивност или неусогласеност со Уставот на Република Северна Македонија.

Точка 27

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.7974, за КО Охрид 3, на КП бр.16703, викано место/улица „Град“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 28

Владата ја разгледа Понудата од нотар Горан Каранфиловски од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.91699 за КО Штип 1, на КП бр.1280, викано место/улица „Каленица“ и Имотен лист бр.91311 за КО Штип 1, на КП бр.1296/2, КП бр.897/3 и КП бр.898, викано место/улица „Каленица“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 29

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ељхам Бислими од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.6165, за КО Драчево 2, на КП бр.216, викано место/улица „Чинор“ и Имотен лист бр.6176, за КО Драчево 2, на КП бр.215, викано место/улица „Чинор“ и не

ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт.

Точка 30

Владата ја разгледа Понудата од нотар Марија Атанасова од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.530, за КО Гевгелија, на КП бр.5216, викано место/улица „Караорман“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

Точка 31

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елвин Зиба од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.100575, за КО Охрид 4, на КП бр.4111/1 и КП бр.4112/1, викано место/улица „Патерица“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

Точка 32

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анита Адамчевска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.960796, за КО Чаир, на КП бр.1568/82 и КП бр.1568/83, викано место/улица „Стари Водовод“ и Имотен лист бр.92982, за КО Чаир, на КП бр.1568/80 и КП бр.1568/81, викано место/улица „Стари Водовод“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

Точка 33

Владата ја разгледа Понудата од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4377, за КО Драчево 2, на КП бр.9766, викано место/улица „Шејтаница“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт.

Точка 34

Владата ја разгледа Понудата од нотар Башким Амети од Скопје, за размена на недвижен имот со Имотен лист бр.6455 за КО Ѓорче Петров 5-Лепенец, на КП бр.2698/1, викано место/улица „Шарпланинска“, Имотен лист бр.6456 за КО Ѓорче Петров 5-Лепенец, на КП бр.2697/1 и КП бр.2697/2, викано место/улица „Шарпланинска“ и Имотен лист бр.85620 за КО Ѓорче Петров 5-Лепенец, на КП бр.2698/2, викано место/улица „Шарпланинска“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

Точка 35

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш, за размена и продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.84167, за КО Радовиш, на КП бр.2285, викано место/улица „15 Корпус“ и Имотен лист бр.82491, за КО Радовиш, на КП бр.1762, КП бр.1763 и КП бр.2287, викано место/улица „15 Корпус“ и по Понудата ги усвои Известувањето на

Министерството за транспорт и Мислењето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

Точка 36

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анета Петровска Алексова од Скопје, за продажба на недвижен имот – земјиште евидентирано во Имотен лист бр.1862, за КО Јурумлери, на КП бр.677/4, викано место/улица „Село“, како и недвижен имот – објект евидентиран во Имотен лист бр.2919 на КП бр.677/4, КО Јурумлери и по Понудата го усвои Мислењето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 37

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.112222, за КО Кисела Вода 2, на КП бр.733/27, викано место/улица „Фрањо Клуз бр.16 Скопје“ и по Понудата го усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 38

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.112222, за КО Кисела Вода 2, на КП бр.733/27, викано место/улица „Фрањо Клуз бр.16 Скопје“ и по Понудата го усвои Мислењето на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 39

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Тахири од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.53625, за КО Визбегово, на КП бр.973, викано место/улица „Гериз“ и по Понудата го усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 40

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје, за размена на недвижен имот со Имотен лист бр.3503 за КО Сопиште, на КП бр.1237/3, викано место/улица „Селиште“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

Точка 41

Владата ја разгледа Понудата од нотар Армир Садики од Тетово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1255, за КО Сараќино, на КП бр.326, викано место/улица „Рупа“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

Точка 42

Владата ја разгледа Понудата од извршител Гордана Џутеска од Охрид, И бр.216/2017, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.371, за КО Поешево, на КП бр.242/3, викано место/улица „Бачилишта“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт.

Точка 43

По однос на оваа точка немаше предлози.

Точка 44

1. Владата заклучи:

- Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во следниот период да подготви и за некоја од наредните седници на Владата, да достави детална анализа која ќе ги предвиди условите, времетраењето, процедурата и начинот за објавување на оглас и распределување на субвенции за филтри на оџаци, на домаќинствата кои користат греење со фосилни горива, односно дрва.

2. Владата го разгледа Барањето од Министерството за финансии – Управа за јавни приходи за изменување на Заклучокот по точка 21 „Информацијата за примена на Законот за нотаријатот за 2023 година“ и Заклучокот по точка 22 „Информацијата за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2023 година“ од Нацрт – записникот од Триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 ноември 2024 година, го прифати Барањето и заклучи истите да се изменат и да гласат:

„Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за нотаријатот за 2023 година и ја усвои Информацијата со следниот заклучок (усогласен со Министерството за финансии -Управа за јавни приходи):

1. Се задолжува Министерството за финансии -Управа за јавни приходи, до ноември 2025 година да направи соодветна анализа на податоците прикажани во годишните даночни пријави на даночните обврзници – нотари кои прикажуваат високи вкупни приходи и екстремно високи расходи во работењето и да достави до Министерството за правда податоци од Годишниот даночен биланс на даночните обврзници – нотари и истите да ги систематизира од аспект на утврдени ризици за помалку платени даноци и да преземе соодветни мерки согласно своите законски надлежности.“.

и

„Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2023 година, ја усвои и ја задолжи Управата за јавни приходи до ноември 2025 година, да направи соодветна анализа на податоците прикажани во годишните даночни пријави на даночните обврзници – извршители кои прикажуваат високи вкупни приходи и екстремно високи расходи во работењето и до Министерството за правда да достави податоци од годишниот даночен биланс на даночните обврзници – извршители и истите да ги систематизира од аспект на утврдени ризици за помалку платени даноци и да преземе соодветни мерки согласно своите законски надлежности.“.

3. Владата ги задолжи Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање да ја разгледаат потребата

од понатамошно постоење и примена на Законот за координација на безбедносно – разузнавачката заедница во Република Северна Македонија и во рок од 30 дена за истото да ја информираат Владата.

4. Владата, по повод укажувањето на Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, за проблемот со бесправно изградените објекти кои Агенцијата за управување со одземен имот ги отстапува на државните органи, го задолжи Министерството за правда, во соработка со Агенцијата за управување со одземен имот, во рок од 30 дена, до Владата да достави соодветно изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и конфискувани предмети во кривична и прекршочна постапка, со цел изнаоѓање на рационално решение за надминување на проблемот.

5. Владата по повод укажувањето на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, во врска со појавата на „африканска свинска чума“ во регионот, ги задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за храна и ветеринарство да одржат координативен состанок со Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, со цел формирање на работна група заради преземање на превентивни мерки и активности за спречување и следење на состојбата на оваа болест и за ова во рок од две недели да ја информираат Владата.

6. Владата го разгледа Барањето за изменување на заклучокот под реден број 4 точка 5 од Сто и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 август 2025 година, по Информацијата за реструктуирањето и продолжувањето на Проектот за модернизација на земјоделството финансиран од заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, со статус за напредокот во реализацијата на проектните активности заклучно со јуни 2025 година, со прилози, го прифати Барањето и заклучи истиот да се измени и да гласи:

„4. Се овластува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во име на Владата на Република Северна Македонија да поднесе барања за издавање на одобренија за градење за проектите: ‘Изградба на логистичко-дистрибутивниот центар во Скопје΄ и ΄Изградба на центарот за сортирање и складирање во Струмица‘, а се задолжува Министерството за транспорт максимално да ја забрза постапката за издавање на одобренијата за градење за предметните градби“.

7. Владата го разгледа Предлогот за изменување и назначување на член на Владата одговорен за следење на спроведувањето на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, го усвои и го назначи Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење за член на Владата одговорен за следење на спроведувањето на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.232/20 и 262/21).

8. Министерот за здравство, д-р Азир Алиу ги информираше членовите на Владата дека Министерството за здравство, во соработка со Универзитетската клиника за пулмологија ќе започне дводневен скрининг на населението во Трубарево, кој ќе се одржи во среда и четврток (24 и 25 септември 2025 година), а доколку има потреба, скринингот ќе се продолжи и наредните денови.

9. Владата го разгледа Барањето за изменување на Заклучокот по точка 34 „Информација за отпочнување на процес - аплицирање до Зелениот климатски фонд за отварање на Регионална

канцеларија на Зелениот климатски фонд во Скопје, Република Северна Македонија", од Нацрт записникот од Сто и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 септември 2025 година, го прифати Барањето и заклучи Заклучокот под реден број 2 кој гласи:

„- 2) Министерство за финансии:
 - Писмо за поддршка;
 - Да се наведе присуство на екосистем за финансирање на климатските промени и институционален екосистем усогласен со мандатот и стратешките цели на Зелениот климатски фонд во градот домаќин - карактеризиран со активно присуство на агенциите на Обединетите нации и меѓународните и регионалните развојни и финансиски институции кои овозможуваат комплементарност и кохерентност, еднаков пристап за ранливите и недоволно опслужените земји и динамична заедница за финансирање на климатските промени способна да ги поттикне иновациите и инвестициите;
- Податоци за согласностите кои Министерството за финансии ќе ги дава за поддршка од земјата домаќин преку финансиски олеснувања и/или прилози во натура (дадени во апликацијата);", да се избрише.

10. Владата, на предлог на м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, а во врска со можноста за прифаќање/одбивање на понудата за преземање на акции дадена од страна на преземачот „Алта банка" АД Белград, ги донесе следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1) Се укажува на Агенцијата за управување со одземен имот, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, Државното средно електромашинско училиште „Ѓорѓи Наумов"-Битола, Јавното трговско друштво за производство промет и услуги Лазароски и др. Мраморгран-Прилеп, Јавната установа дом за стари лица „Сју рајдер"-Скопје, Јавното претпријатие „Стрежево"-Битола, Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост-Скопје, Јавната здравствена организација Здравствен дом П.О.-Скопје, Јавната здравствена установа Клиничка болница „Др.Трифун Пановски"-Битола, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката-Скопје, Јавната здравствена установа Здравствен дом-Битола, Јавната здравствена организација Болница за душевни болести-Демир Хисар, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие „Комуналец"-Битола и Работната организација за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст „Естреја Овадија-Мара"-Битола, во рок од три дена, согласно законската регулатива која го регулира нивното работење да ја разгледаат можноста за прифаќање/одбивање на понудата за преземање на акции дадена од страна на преземачот „Алта банка" АД Белград, при што при разгледување на можноста за прифаќање/одбивање на понудата за преземање на акции потребно е да се имаат во предвид одредбите од член 8-а од Изборниот законик, кои се однесуваат на отуѓување на државен капитал за време на избори.

2) Се укажува на Агенцијата за управување со одземен имот, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, Државното средно електромашинско училиште „Ѓорѓи Наумов"-Битола, Јавното трговско друштво за производство промет и услуги Лазаровски и др. Мраморгран-Прилеп, Јавната установа дом за стари лица „Сју рајдер"-Скопје, Јавното претпријатие „Стрежево"-Битола, Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост-Скопје, Јавната здравствена организација Здравствен дом П.О.-Скопје, Јавната здравствена установа Клиничка болница „Др.Трифун Пановски"-Битола, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката-Скопје, Јавната здравствена установа Здравствен дом-Битола, Јавната

здравствена организација Болница за душевни болести-Демир Хисар, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие „Комуналец“-Битола и Работната организација за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст „Естреја Овадија-Мара“-Битола, доколку утврдат дека немаат законска пречка да ги продадат акциите кои ги поседуваат, потребно е одговорните лица во овие институции, најдоцна до 10.10.2025 година, да дадат писмена изјава за прифаќање на понудата дадена од страна на преземачот „Алта банка" АД Белград, која може да се потпише во просториите на Комерцијална банка и во нејзините филијали на територијата на Република Северна Македонија.

3) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, заради поцелосно информирање за постапката за прифаќање/одбивање на понудата за преземање на акции дадена од страна на преземачот „Алта банка“ АД Белград, да им ја достави постапката за прифаќање/одбивање на понудата на Агенцијата за управување со одземен имот, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, Државното средно електромашинско училиште „Ѓорѓи Наумов“-Битола, Јавното трговско друштво за производство промет и услуги Лазаровски и др. Мраморгран-Прилеп, Јавната установа дом за стари лица „Сју рајдер“-Скопје, Јавното претпријатие „Стрежево“-Битола, Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост-Скопје, Јавната здравствена организација Здравствен дом П.О.-Скопје, Јавната здравствена установа Клиничка болница „Др.Трифун Пановски“-Битола, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката-Скопје, Јавната здравствена установа Здравствен дом-Битола, Јавната здравствена организација Болница за душевни болести-Демир Хисар, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие „Комуналец“-Битола и Работната организација за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст „Естреја Овадија-Мара“-Битола.

Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од примена на посебни правила за јавни набавки при проекти финансирани од Светска банка, како материјал за информирање.

Точка 46

Владата го разгледа Извештајот за работата на Информативното тело, формирано согласно Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Информативно тело за олеснување на трговијата на Владата на Република Северна Македонија за Светската трговска организација, како материјал за информирање.

Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот во реализацијата на активностите од Акцискиот план за воспоставување и развивање на мрежа за Интегрирана заштита на растенијата, со Акциски план, како материјал за информирање.

Точка 48

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – берза, Скопје, за периодот април 2025 година – јуни 2025 година, како материјал за информирање.

Точка 49

Владата го разгледа Извештајот за финансиско работење на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост, за периодот од 1 јануари до 31 март 2025 година, како материјал за информирање.

Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на договор за соработка помеѓу Македонски железници Инфраструктура и Кросраил Интернешнал Лимитес ( Crossrail International Limited) во врска со соработка во секторот на железничката инфраструктура на Северна Македонија, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за соработка помеѓу Македонски железници Инфраструктура и Кросраил Интернешнал Лимитес ( Crossrail International Limited) во врска со соработка во секторот на железничката инфраструктура на Северна Македонија.

2. Се овластува директорот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Северна Македонија, Синиша Ивановски да го потпише Договорот за соработка помеѓу Македонски железници Инфраструктура и Кросраил Интернешнал Лимитес ( Crossrail International Limited) во врска со соработка во секторот на железничката инфраструктура на Северна Македонија.

Точка 51

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон.

*

* *

Владата повторно ја разгледа Предлог-уредбата за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон и ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон.

Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Амандман број пет на Договорот за грант за развојна цел меѓу Соединетите Американски Држави и Република Северна Македонија за развојната цел: Република Северна Македонија е просперитетно, самоодржливо и инклузивно демократско општество, со усогласен текст на Амандман и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Амандманот број пет на Договорот за грант за развојна цел меѓу Соединетите Американски Држави и Република Северна Македонија за развојната цел: Република Северна Македонија е просперитетно, самоодржливо и инклузивно демократско општество.

2. Се овластува м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, да го потпише Амандманот број пет на Договорот за грант за развојна цел меѓу Соединетите Американски Држави и Република Северна Македонија за развојната цел: Република Северна Македонија е просперитетно, самоодржливо и инклузивно демократско општество.

Точка 53

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереник д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии.

Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за проблемите околу услугите за перење, сушење и пеглање на операциски, болнички и персонален веш и дистрибуција на истиот, помеѓу Друштвото за услуги Скопстер ДОО Скопје и Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје, како материјал за информирање.

Точка 55

Владата ја разгледа Информацијата за статус на објект за проектот - Изведба на Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св.Еразмо-Охрид и ја усвои со предложените заклучоци, доколку Министерството за финансии достави (позитивно) мислење.

Точка 56

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата и финансиските аспекти поврзани со проектот за јавно-приватно партнерство (ЈПП) за интегрирано менаџирање со стерилизација и хируршки услуги во здравствени установи, со фокус на УК „Мајчин дом" и ја усвои со заклучок предложените заклучоци да се усогласат со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

Точка 57

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на проект за изградба на нов објект Поликлиника Бутел при ЈЗУ Здравствен дом - Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за склучување на договор за спроведување на групна набавка помеѓу Министерството за здравство и Општина Бутел, со цел реализација на градежни работи поврзани со реализација на проектот.

2. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства за 2025 година и за наредните 2026 и 2027 буџетски години, во вкупна вредност од 117.725.000,00 денари, со вклучен ДДВ и тоа :

- 5.000.000,00 денари, со вклучен ДДВ за 2025 година,
- 60.000.000,00 денари, со вклучен ДДВ за 2026 година и
- 52.725.000,00 денари, со вклучен ДДВ за 2027 година.

3. Се задолжува Министерството за здравство да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има

предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

Точка 58

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност за именување почесен конзул на Украина во Република Северна Македонија, со седиште во Прилеп.

Точка 59

Владата ја донесе Одлуката за затворање на Почесниот конзулат на Украина во Република Северна Македонија, со седиште во Прилеп.

Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „JUNCTION CITY 25", со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „JUNCTION CITY 25".

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за финансии–Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување и се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во координација со Министерството за одбрана, да преземат мерки согласно своите надлежности утврдени со закон, за непречено преминување на државната граница и ослободување од процедури за движење и транспорт на персонал и материјално-технички средства на странските вооружени сили на Соединетите Американски Држави на територијата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за финансии–Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување и се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, да одредат по едно лице за координација со Министерството за одбрана, во врска со преземање на активностите за подготовка за изведување на вежбата и за истото да го известат Министерството за одбрана, во рок од три дена.

Точка 61

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на Здружена тактичка вежба со командирски гаѓања, со Предлог - одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на Здружена тактичка вежба со командирски гаѓања.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за

финансии – Царинската управа и Националниот координативен центар за гранично управување и се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во координација со Министерството за одбрана, да преземат мерки, согласно своите надлежности утврдени со закон за непречено преминување на државната граница и ослободување од процедури за движење и транспорт на персонал и материјално - технички средства, на вооружените сили на Република Италија на територијата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за финансии – Царинската управа и Националниот координативен центар за гранично управување и се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, да одредат по едно лице за координација со Министерството за одбрана, во врска со преземање на активностите за подготовка за изведување на Здружена тактичка вежба со командирски гаѓања и за истото да го известат Министерството за одбрана, во рок од три дена.

Точка 62

Владата ја разгледа Информацијата за подготовката на Дваесет и вториот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 7 октомври 2025 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:
1. Се назначува Весна Цветанова од Министерството за финансии за претседавач на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика.

2. Се задолжува Министерството за европски прашања, добиените пишани материјали, согласно точките на Дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската комисија до 23 септември 2025 година.

Точка 63

Владата ја разгледа Предлог-лиценцата за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДООЕЛ Скопје во деловната просторија во Подружница Ле гранд казино Скопје на ул.„Филип Втори Македонски” бр.5 - хотел/Холидеј ин Скопје, Центар и ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во казино.

*
*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:10 часот.